**Проф. д-р Беса Арифи**
*Кратка биографија*

Проф. д-р Беса Арифи е родена во Тетово во 1981 година каде завршила основно и средно училиште. Во 2003 година ги завршува правните студии во Правен факултет "Јустинијан Први" при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и се стекнува со наслов Дипломиран правник. Во истиот Факултет во 2006 година ги заврува последипломските студии и добива наслов Магистер по правни науки после успешна одбрана на маистерската теза насловена "Меѓународна акцесорната казнено-правна помош", а во 2010 година ги завршува докторските студии и добива наслов Доктор по правни науки после успешна одбрана на докторската дисертација насловена "Положбата на жртвата во казненото право, кривичната постапка и меѓународното казнено право".

Од 2004 година работи во Правен факултет при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, првин како помлад асистент, од 2007 година како асистент, од 2011 година како доцент и од 2016 година како вонреден професор по казнено-правни науки. Проф. д-р Арифи се специјализира во областа на казнено-правните науки каде што повеќе години предава Казнено право, Меѓународно казнено право, Криминологија и Виктимологија. Од 2007-2011 година го водела Центарот за човекови права при УЈИЕ. Од 2014 до 2018 година работела како координатор по казнено право при Правен факултет на УЈИЕ. Од септември 2018 година таа е Проректор за истражување и меѓународна соработка на УЈИЕ.

Проф. д-р Арифи е автор и коавтор на повеќе научни трудови, правни анализи и книги и учествувала во повеќе истражувачки пројекти, во бројни меѓународни, регионални и национлни семинари, специјалистички курсеви, конференции и собири во рамки на кои се одвојуваат три специјалистички курсеви по меѓународно казнено право во Иниститутот за високи студии по кривично право во Сиракуза како и шестнеделен студиски престој во Универзитетот на Масачусетс во Амерхест, САД.

Проф. д-р Арифи е шеф на Делегацијата на РСМ во ГРЕКО, член на Мечународното здружение за кривично право (International Association for Penal Law) и на Македонското здружение за кривично право и криминологија. Таа е член на Советот за следење на реформите во правосудството, поранешен советник на Претседателот на РСМ за правни прашања и член на извршниот одбор на Транспаренси интернешнл Македонија и на Хелсиншкиот комитет за човекови права. Таа е редовен колумнист во Порталб.